ЕТИЧКИ КОДЕКС
ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ



СРЕДНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ

ГИМНАЗИЈА „ЈОСИП БРОЗ – ТИТО" - БИТОЛА

Битола, 2026 година

Врз основа на член 100 став 13 од Статутот на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито" – Битола, Училишниот Одбор на седницата одржана на ден 8.10.2026 година донесува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА „ЈОСИП БРОЗ-ТИТО
БР. 01-389/1
8.10. 2026 ГОД.
БИТОЛА

ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Со овој кодекс се уредуваат основните етички начела и правилата на однесување на учениците во училиштето, спортската сала, училишниот двор и сите воспитно-образовни активности организирани од училиштето. Неговата цел е да придонесе кон безбедна, поттикнувачка и инклизивна училишна средина, заснована врз достоинство, одговорност, заемно почитување и ненасилна комуникација.

1. Основни норми и начела

- Ученикот, во СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито" – Битола, како субјект во воспитно - образовниот процес, треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето, да ги знае своите права, обврски и одговорности и успешно да се приспособува на современите предизвици;
- Учениците за своите права и обврски се информираат преку класните раководители, стручната служба и ученичкиот Правобранител;
- Секој ученик треба да биде ценет како личност без оглед на своите способности, таленти, пол, раса, култура, традиција, националност, вероисповед и социјална положб;
- На секој ученик треба да му бидат обезбедени еднакви можности и соодветни услови за учење, развој и постигнување успех во рамките на воспитно-образовниот процес;
- Образованието треба да го поттикнува интелектуалниот, моралниот, емоционалниот, социјалниот и физичкиот развој на ученикот и да му овозможи да стекне знаења, вештини, ставови и вредности потребни за неговиот понатамошен живот, образование и професионален развој;
- Ученикот придонесува кон остварување на воспитно-образовните цели, развивање знаења и вештини како и негување на морални, културни и демократски вредности;
- Ученикот постапува чесно, совесно, одговорно и хумано и ги почитува правата, безбедноста и приватноста на другите;
- Во училиштето не се дозволува дискриминација по било која основа.

2. Општо однесување на ученикот /Ликот на ученикот

Ученикот треба:

- Да се ангажира во постигнување на резултати во наставата и воннаставните активности со коректност, одговорност, објективност и доследност во однесувањето;

- Да ги почитува законските одредби на Кодексот на однесување и одлуките на органите во училиштето, Куќниот ред на училиштето и пошироко;
- Да соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;
- Во училиштето ученикот треба да биде совесен, одговорен, со должно почитување кон сите;
- Да покаже почитување и толеранција кон соучениците, наставниците и другите вработени;
- Да не се однесува недолично и насилно;
- Ученикот не смее да врши вербално, психичко, физичко и сајбер насилство на учениците и вработените во училиштето;
- Да се гради во личност во која може да се има доверба со особини на учтивост, непосредност, авторитативност, другарство, тактичност, хуманост, разбирање на другите во училиштето, на социјалните мрежи и средината во која живее;
- Секогаш и секаде да внимава на својот речник кој треба да биде литературен, јасен и достоинствен, да не користи навредливи зборови;
- Секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување и да гради културни, етички и естетски навики;
- Во училиштето да доаѓа уредно облечен со чиста и пристојна облека;
- Да има одговорен однос кон инвентарот и техничките уреди во кабинетите и улилиштето;
- Да не користи предмети со кои би можеле да бидат повредени други ученици;
- Со личен пример и со почитување на прописите во училиштето и надвор од него да се бори против сите негативни појави – дрога, алкохол, пушење, снуз, енергетски пијалоци, кражби и сл.и да влијае позитивно врз сите други.
- Ученикот е должен да се грижи за училишниот простор и хигиената во училиштето, спортската сала и училишниот двор;
- Ученикот е должен да не прави штета, да не крши, и да не го уништува училишниот инвентар. За секоја направена штета во училница, кабинети, училишни ходници, спортска сала и др. учениците/родителите се должни да ја надоместат направената штетата финансиски, по претходно извршена проценка од страна на комисија формирана за таа цел. За одредени штети се изрекуваат педагошки мерки според Статутот на училиштето и Правилникот за изрекување на педагошки мерки.

3. Однесување на ученикот во училница/кабинет

- Ученикот навремено и редовно присуствува на настава, влегува по звукот на ѕвончето и не го напушта часот без дозвола на наставникот, освен во итна ситуација;
- На часот доаѓа подготвен, со потребниот прибор, учебници, материјали и опрема определени за наставната активност;
- Ги следи упатствата на наставникот, активно и конструктивно учествува во работата и со своето однесување придонесува кон дисциплина и позитивна работна атмосфера;

- Не влегува и не го напушта часот без дозвола на наставникот;
- Не ја попречува наставата со разговори, дофрлувања, неоправдано движење, предизвикување конфликт, недозволено снимање или други постапки што го нарушуваат текот на часот;
- Слободно го изразува своето мислење на аргументиран и пристоен начин, без да го повредува достоинството на наставникот или на соучениците;
- Мобилниот телефон го остава на соодветно местото во кутија за мобилни телефони која е поставена во секоја училница, со исклучен звук, и може да го користи само кога наставникот ќе го одобри тоа за потребите на наставата или поради оправдана итност;
- За време на писмена работа, тест, испит или друга проверка на знаењето постапува чесно и не користи недозволени помагала, мобилен телефон, паметен часовник, електронски уред или недозволен извор на информации.
- Во училницата не внесува и не консумира храна. Пијалак (вода/сок) се користи само доколку не ја нарушува наставата, хигиената и безбедноста и ако тоа е во согласност со правилата за конкретниот кабинет;
- Се грижи за личната хигиена и хигиената во училницата и одговорно се однесува кон целокупниот инвентар (мебел, ѕидови, наставни средства и др.);
- Го одржува своето работно место чисто и отпадоците задолжително ги фрла во корпите за отпадоци;
- Учениците се должни на настава да доаѓаат уредни со пристојна облека. Забрането е носење на облека која не е соодветна како:

- **кратки маици и претесна облека** - Облека која ја открива целата површина на стомакот, длабоко деколтирана облека, како и облека изработена од прозирни материјали која не соодветствува на стандардите за јавна воспитно-образовна установа.
- **кратки здолништа** - Здолништа, фустани или шорцеви чија должина е значително над колена (повеќе од стандардна разумна граница, на пр. повисоко од средина на бутот) што го нарушува деловно-училишниот амбиент.
- **искинати фармерки** - Облека со намерни и големи резови, дупки или реси преку кои се откриваат чувствителни делови од телото или долна облека.
- **долги и силно обоени нокти, неуредна коса** - Должина на нокти или физички карактеристики кои директно ја попречуваат безбедноста при изведување на практична настава, физичко и здравствено образование или работа со лабораториска опрема. Косата и личната хигиена треба да бидат уредни во согласност со основните хигиенски стандарди.
- **пирсови** - Истакнати метални или други додатоци (пирсови) на главата и/или телото кои поради својата форма и големина претставуваат директна опасност од физички повреди при спортски активности, практична настава или секојдневни училишни движења.
- **облека со непристојни натписи** - Облека, модни додатоци или ранци со видливи натписи, симболи, цртежи или обележја кои поттикнуваат и/или промовираат насилство, омраза, национална, верска или родова нетолеранција, користење на наркотични средства или содржат вулгарни/порнографски содржини.

- Не внесува остри и опасни предмети и секаков вид на оружје, со кои може да се предизвикаат повреди;
- Се грижи и не ги оштетува телевизорите, каблите, далечинските управувачи и др. електронски помагала во училница.

4. Меѓусебен однос на учениците

- Учениците ги градат меѓусебните односи врз другарство, искреност, соработка, солидарност, еднаквост и заемно почитување;
- Ги почитуваат различностите, индивидуалните квалитети, знаењата и способностите на другите и не ги потценуваат, исклучуваат или изложуваат на потсмев своите соученици;
- Во заедничката работа се договараат, одговорно ги извршуваат преземените задачи, разменуваат знаења и искуства и си помагаат, особено кога ученик се соочува со здравствен, социјален или друг проблем;
- Се воздржуваат од озборување, ширење невистини, нарушување на приватноста и неовластено објавување или споделување лични податоци, фотографии, аудио или видеоснимки.
- Покажува толеранциаја кон соучениците во комуникацијата и ги цени нивните знаења, индивидуални квалитети и достоинство;
- Им помага на учениците пренесувајќи го своето знаење и практично искуство;
- Не се дозволува физичко, психичко, вербално, социјално, сексуално-родово засновано или дигитално насилство по социјални мрежи (јавно или во порака), закани, навреди, уцени, понижување, исклучување од група, вознемирување, потсмевање и говор на омраза;
- Несогласувањата се решаваат мирно, преку разговор, посредување и обраќање за помош, без одмазда и натамошно продлабочување на конфликтот.
- Ученикот кој ќе забележи насилство, дискриминација или загрозување на безбедноста не го поддржува и не го прикрива настанот, туку веднаш го пријавува кај возрасно лице во училиштето или кај друго лице од доверба;

5. Однесувањето на ученикот во училишниот двор и училишната зграда

- Совесно и одговорно се однесува кон училишниот имот и материјалните добра во и надвор од училиштето (не уништува, не крши, не испишува графити или натписи со разни содржини);
- Достоинствено и пристојно се однесува кон другите ученици и персоналот на училиштето;
- Има слобода во изразувањето без притоа да ја повреди сопствената и друга личност;
- Несебично помага на лица со инвалидитет или со посебни потреби;
- Внимава и се грижи за личната и хигиената на училиштето, фрла отпадоци на определените места;
- Се грижи за зеленилото во дворот;
- Не консумира и не поседува алкохол, цигари и други наркотични и токсични супстанци во училишната зграда, училишниот двор и околината на училиштето;
- Креира пријатна училишна атмосфера со својот говор, држење и однесување;
- Не поседува предмети и супстанци кои можат да ја загрозат личната и безбедноста на другите лица;

- Коректно и непристрасно пријавува инциденти или насилства до лица од училишниот персонал или до лица за доверба или било кој вработен;
- Не применува психичко, физичко, вербално, сајбер и сексуално насилство врз други лица;
- Ја почитува приватната сопственост и сопственоста на другите (не краде и не посегнува по туѓи предмети).

6. Однесувањето на ученикот во училница/кабинет со компјутери

- Седи на место предвидено за него (реден бр. или по друг редослед одреден од наставникот) во кабинетите;
- Пред започнување со работа ја проверува состојбата на опремата и веднаш го известува наставникот за забележаниот дефект или оштетување;
- Користи компјутер само со дозвола на наставникот и по завршувањето на работата го исклучува;
- Совесно и одговорно се однесува кон опремата, не ја оштетува и не ја крши;
- Се грижи за исправноста на опремата и сите проблеми ги пријавува кај наставникот;
- Користи интернет само за потребите на наставата и со дозвола на наставникот;
- Не снима, игра или врши други активности кои ја попречуваат работата на часот;
- Лично е одговорен за сите податоци кои ги остава на прелистуваните ВЕБ страни поради кибер безбедност;
- Ги заштитува своите и туѓите лични податоци, лозинки и дигитални профили и не отвара, создава, или споделува несоодветни, навредливи, незаконски или небезбедни содржини;
- Не презема самоиницијативно поправка на дефекти на опремата (само со дозвола на одговорното лице);
- По завршувањето на работата ги зачувува материјалите, ја одјавува или исклучува опремата и уредно го остава работното место на начин определен од наставникот;

7. Однесување на ученикот во специјализирани кабинети/работилници со посебни безбедносни услови

- Ученикот влегува, престојува и работи во кабинетот само во присуство или со дозвола на наставникот и строго ги следи безбедносните упатства.
- Внимава на целокупната опрема во кабинетот;
- Опремата, инструментите, моделите, лабораторискиот прибор, супстанциите и другите дидактички средства ги користи само за определената намена и на начин покажан од наставникот и со негова дозвола;
- Без дозвола не допира, не зема, не меша и не преместува супстанции, препарати, апарати или други средства и не врши самостојни експерименти;
- Ги почитува безбедносните мерки и упатства дадени од наставникот;
- Не внесува и не користи запалки, отворен пламен, запаливи, токсични или други опасни материјали, освен кога се дел од наставната постапка под непосреден надзор на наставникот;

- Во случај на истурање, кршење, повреда, дефект или друга опасност, ученикот не презема самостојни мерки туку веднаш го известува наставникот и постапува според неговите упатства;
- Отпадот и употребените материјали ги истура на места и на начин определен според безбедни стандарди и упатства од наставникот;
- Внимателно следи инструкции од наставникот за време на експерименти во кабинетот;
- По завршувањето на активноста го средува работното место, ја враќа опремата и ја одржува хигиената согласно упатствата од наставникот.

8. Однесување на ученикот во соблекувалната, спортска сала и спортски терени

- Носи спортска облека (маица, тренерки, патики..) по задолжение на наставникот;
- Во соблекувалната ги обавува подготовките за часот и таму ги остава своите лични работи.Учниците се одговорни за безбедноста на своите и туѓи работи оставени во соблекувалната додека се во салата.
- Во салата или на спортските терени влегува исклучиво со уредна и чиста спортска опрема;
- Спортските реквизити, справи и друга опрема ги користи правилно, само по упатство на наставникот, и не презема активности што можат да предизвикаат повреда;
- Внимава и ги чува од оштетување спортските реквизити и целокупната опрема во салата и на спорстскиот терен;
- Пред, за време и по физичката активност ги почитува безбедносните правила, своите здравствени ограничувања навремено му ги соопштува на наставникот и секоја повреда веднаш ја пријавуваат;
- Во спортските игри и натпревари се однесува фер, ги почитува правилата, одлуките на наставникот или судијата, соиграчите и противниците;
- Се грижи за личната и хигиената во салата, соблекувалната и спортските терени и не внесува предмети кои ја загрозуваат безбедноста;
- Часот завршува кога наставникот ќе соопшти дека истиот завршил и потоа се упатува до соблекувалната каде не се задржува непотребно за да стигне на време на следниот час.

9. Во училишната библиотека ученикот

- Се зачленува во библиотеката за да ја позајмува потребна литература;
- Зема книги и друг материјал само со евиденција/потпис од одговорното лице-библиотекар;
- Во предвидениот рок ја враќа земената литература на одговорното лице;
- Совесно и одговорно се однесува кон позајмениот материјал (не го уништува, не шкрта или оштетува на било кој начин).
- Во библиотеката зборува тивко, не ги вознемирува другите корисници и ги одржува редот и чистотата;

- Губење или оштетување на библиотечен материјал веднаш го пријавува и постапува согласно со правилата за надоместување или замена.

10. Во административни простории

- Ученикот во наставничката канцеларија, канцелариите на директорот и помошник-директорот, стручната служба, секретарот, благајникот и другите административни простории влегува со дозвола, освен кога е повикан или кога итноста налага непосредно обраќање;
- При влегување ги поздравува присутните, се претставува кога е потребно и своето барање го соопштува јасно, пристојно и со почитување;
- Го почитува редоследот на прием, работното време и упатствата на вработените и не се задржува подолго од потребното;
- Без дозвола не зема, не разгледува, не фотографира, не преместува и не остава документи, материјали, опрема или лични предмети;
- Ја почитува доверливоста на разговорите, документите и личните податоци до кои случајно може да има пристап;
- Во комуникацијата со вработените и другите присутни лица се однесува смирено, и достоинствено и со почит.

11. Завршни одредби

- Секој ученик се обврзува да го почитува и спроведува Кодексот на однесување на учениците;
- За непочитување на овој Кодекс на ученикот може да му се изречат педагошки мерки согласно Законот за средно образование, Статутот на училиштето и Правилникот за изрекување на педагошки мерки.
- Со влегување во сила на овој кодекс престанува да важноста и примената на етичкиот кодекс за однесување на ученици бр.08-386/2 од 17.11.2023 година.

Дел. Бр.01-389/1
Од 8.10.2026 год.

Претседател на Училиштен одбор
Никола Трајковски

(потпис)